Врз основа на член 71 од Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, Управниот одбор на Банката на ден 31.07.2025 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

за измена и дополнување на Тарифата на надоместоци на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје

Се менува и дополнува Тарифата на надоместоци на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, со следното:

1. Се менуваат тарифните броеви 2.4.3., 2.4.4. и 2.4.5. пакети за интернет и мобилна апликација кои вклучуваат услуги во делот на девизното работење кај правни лица. Точките се менуваат во описот на услугите, заради вклучување на приливни и одливни трансакции во СЕПА областа. Точките 2.4.3. и 2.4.4. имаат промена и во надоместокот. Тарифните броеви се менуваат гласат:

| | **Опис** | **Надоместок** |
|---|---|---|
| 2.4.3. | Е - Пакет L- за клиенти со денарско и девизно работење:<br>- Месечен надоместок за одржување на платежна сметка-без надоместок;<br>- Преглед за УЈП-без надоместок;<br>- Изготвување на мкд изводи-без надоместок;<br>- Неограничени кредитни трансфери во земјата во корист на сметка во банката – без надоместок;<br>- 22 кредитни трансфери во земјата во корист на сметка кај друг давател на платежни услуги, преку платен систем за малите плаќања-КИБС;<br>- 6 кредитни трансфери во земјата во корист на сметка кај друг давател на платежни услуги, преку платен систем за плаќања во реално време-МИПС;<br>- Неограничени приливи од странство;<br>- 5 кредитни трансфери во евра и/или валута различна од евро во странство (SHA,SEPA);<br>- Интернет и мобилна апликација-без надоместок;<br>- Издавање на бизнис дебитна картичка-без надоместок и<br>- Уплата на дневен промет cash in-без надоместок. | 2.490 мкд |

| | Опис | Надоместок |
|---|---|---|
| 2.4.4. | Е – Пакет XL - за клиенти со денарско и девизно работење:<br>- Месечен надоместок за одржување на платежна сметка-без надоместок;<br>- Преглед за УЈП-без надоместок;<br>- Изготвување на мкд изводи-без надоместок;<br>- Неограничени кредитни трансфери во земјата во корист на сметка во банката – без надоместок;<br>- 100 кредитни трансфери во земјата во корист на сметка кај друг давател на платежни услуги, преку платен систем за малите плаќања-КИБС;<br>- 10 кредитни трансфери во земјата во корист на сметка кај друг давател на платежни услуги, преку платен систем за плаќања во реално време-МИПС;<br>- Неограничени приливи од странство;<br>- 10 кредитни трансфери во евра и/или валута различна од евро во странство по надоместок од 250 мкд (SHA,SEPA)<br>- 2 кредитни трансфери во евра и/или валута различна од евро во странство, со OUR трошок по надоместок од 1.550 мкд<br>- Интернет и мобилна апликација-без надоместок;<br>- Издавање на бизнис дебитна картичка-без надоместок и<br>- Уплата на дневен промет cash in-без надоместок. | 3.290 мкд |

| | Опис |
|---|---|
| 2.4.5. | Е – Пакет XXL - за клиенти со денарско и девизно работење:<br>- Месечен надоместок за одржување на платежна сметка-без надоместок;<br>- Преглед за УЈП-без надоместок;<br>- Изготвување на мкд изводи-без надоместок;<br>- Неограничени кредитни трансфери во земјата во корист на сметка во банката – без надоместок;<br>- 500 кредитни трансфери во земјата во корист на сметка кај друг давател на платежни услуги, преку платен систем за малите плаќања-КИБС;<br>- 20 кредитни трансфери во земјата во корист на сметка кај друг давател на платежни услуги, преку платен систем за плаќања во реално време-МИПС;<br>- Неограничени приливи од странство;<br>- Неограничени кредитни трансфери во евра,SEPA по надоместок од 250 мкд;<br>- Неограничени кредитни трансфери во евра и/или валута различна од евро во странство, со SHA трошок по надоместок од 550 мкд; |

| | |
|---|---|
| | - Неограничени кредитни трансфери во евра и/или валута различна од евро во странство, со OUR трошок по надоместок од 1.550 мкд;<br>- Интернет и мобилна апликација-без надоместок;<br>- Издавање на бизнис дебитна картичка-без надоместок и<br>- Уплата на дневен промет cash in-без надоместок. |

Образложение: Дополнување на пакетите со услугите за девизни приливи и одливи во СЕПА областа.

2. Се менува тарифен број 4.2.1 Кредитни трансфери за плаќање во реално време-МИПС, став а.) за правни лица резиденти. Тарифниот број се менува и гласи:

| **4.2.** | **Кредитни трансфери во земјата во корист на сметка кај друг давател на платежни услуги** | **Интернет банкарство и мобилна апликација** | **Шалтер** |
|---|---|---|---|
| 4.2.1. | Преку платен систем за плаќања во реално време-МИПС | **Надоместок** | **Надоместок** |
| а | - Кредитен трансфер | 80 мкд | 250 мкд |

Образложение: Одлука за видот и висината на надоместоците за услугите коишто ги дава Народната банка од 15.07.2025, со која се врши намалување на надоместоците кои НБРСМ ги наплатува од банките за користење на услугите на МИПС.

3. Се менува тарифен број 6.9.3. Потврди по барање на клиент. Тарифниот број се менува и гласи:

| **6.9.** | **Други надоместоци** | **Надоместок** |
|---|---|---|
| 6.9.3 | Потврди по барање на клиент<br>останати* потврди (изјави/согласности) | 2.500 мкд |

Образложение: Усогласување со пазарните услови

4. Се менуваат точки во тарифен број 6.10. Трошок за проценка на вредноста на недвижен имот и транспортни средства за потребите на разгледување на кредитно барање и репроценка во одредени тарифни ставки. Тарифните броеви се менуваат и гласат:

| **6.10.** | **Трошок за проценка на вредноста на недвижен имот и транспортни средства за потребите на разгледување на кредитно барање и репроценка** | |
|---|---|---|
| 6.10.1 | **Опис** | **Надоместок** |
| а | станови | 4.000 мкд – 5.000 мкд |
| б | индивидуални куќи | 5.000 мкд – 6.000 мкд |
| в | деловен простор (локали, адм. Простор) | 6.000 мкд – 7.500 мкд |
| г | земјиште (ниви, градјено земјиште) | 6.000 мкд – 7.500 мкд |
| д | деловни комплекси | 7.000 мкд – 12.000 мкд |
| ѓ | верификација на предмет (пресметка за идни градби) | 7.000 мкд – 12.000 мкд |

| | | |
|---|---|---|
| 6.10.2. | Репроценка на недвижен имот | 70% од износот на првичната проценка, годишно |
| 6.10.3. | Анализа на проценка на надворешен проценител за недвижен имот | 1.500 мкд |

Образложение: Усогласување со пазарните услови

5. Се менува тарифен број 9.2.6. Деблокирање на картичка заради терминолошко усогласување во описот со тарифен број 15.4.4, со дополнување на текст по износот 200 мкд. Тарифниот број се менува и гласи:

| **9.** | **Меѓународни картички** | **Надоместок** |
|---|---|---|
| 9.2.6. | Деблокирање на картичка* | 200 мкд<br>Без надоместок преку Интернет банкарство само за блокирани картички по барање на клиент |

Образложение: Терминолошко усогласување

6. Се менува тарифен број 14.1.2., Кредитен трансфер и кредитен трансфер доставен на медиум/ПП53 за плаќање во реално време- МИПС, став а.) за физички лица резиденти. Тарифниот број се менува и гласи:

| **14.1.** | **Кредитни трансфери во земјата** | **Интернет банкарство и мобилна апликација** | **Шалтер** |
|---|---|---|---|
| | | **Надоместок** | **Надоместок** |
| 14.1.2 | Кредитни трансфери во земјата во корист на сметка кај друг давател на платежни услуги- Преку платен систем за плаќања во реално време-МИПС (кредитен трансфер и кредитен трансфер доставен на медиум/ПП53) | 80 мкд | 250 мкд |

Образложение: Одлука за видот и висината на надоместоците за услугите коишто ги дава Народната банка од 15.07.2025, со која се врши намалување на надоместоците кои НБРСМ ги наплатува од банките за користење на услугите на МИПС.

7. Се менува тарифен број 14.1.5., Реализација на трајниот налог за физички лица резиденти, став в.) Плаќања во реално време – МИПС. Тарифниот број се менува и гласи:

| **14.1.5** | **Реализација на трајниот налог:** | **Интернет банкарство и мобилна апликација** | **Шалтер** |
|---|---|---|---|
| | | **Надоместок** | **Надоместок** |
| в) | Кредитни трансфери во земјата во корист на сметка кај друг давател на платежни услуги-Преку платен систем за плаќања во реално време-МИПС | 80 мкд | 80 мкд |

Образложение: Одлука за видот и висината на надоместоците за услугите коишто ги дава Народната банка од 15.07.2025, со која се врши намалување на надоместоците кои НБРСМ ги наплатува од банките за користење на услугите на МИПС.

8. Се менува тарифен број 15.4.4. Деблокирање на картичка заради терминолошко усогласување и се однесува само на делот меѓународни дебитни картички. Тарифниот број се менува и гласи:

| **15.4.** | **Други операции** | **Опис** |
|---|---|---|
| 15.4.4. | Деблокирање на картичка** | 200 мкд<br>Без надоместок преку Интернет банкарство само за блокирани картички по барање на клиент |

Образложение: Терминолошко усогласување

9. Се менува тарифен број 15.4.9. Решавање на рекламација и зборот рекламација се заменува со поплака и описот кој следи после терминот "без надоместок" се брише. Тарифниот број се менува и гласи:

| **15.4.** | **Други операции** | **МЕЃУНАРОДНИ ДЕБИТНИ КАРТИЧКИ (Visa/Mastercard)** | **МЕЃУНАРОДНИ КРЕДИТНИ КАРТИЧКИ (Visa/Mastercard)** |
|---|---|---|---|
| | | **Надоместок** | **Надоместок** |
| 15.4.9 | Решавање на поплака | Без надоместок | Без надоместок |

Образложение: Терминолошко усогласување согласно предлог одлуката за активностите за воспоставување на систем за прием, евиденција, како и навремено и правично постапување со поплаките на потрошувачите.

10. Се менува тарифен број 15.6.1.Месечна членарина на основни и дополнителни картички, за клиенти без редовни месечни приливи (плата,пензија, кирија...) во Банката. Тарифниот број се менува и гласи:

| **15.6** | **МЕСЕЧНА ЧЛЕНАРИНА за клиенти без редовни месечни приливи (плата, пензија, кирија...) во Банката** | **Надоместок** |
|---|---|---|
| 15.6.1. | Основни и дополнителни картички поврзани со платежна сметка во МКД | 40 мкд<br>без надоместок за картичка за млади |

Образложение: Усогласување со пазарните услови

11. Се менува тарифен број 18.1.2., Кредитен трансфер и кредитен трансфер доставен на медиум/ПП53, за плаќање во реално време- МИПС, за физички лица резиденти корисници на платежна сметка со основни функции. Тарифниот број се менува и гласи:

| **18** | **Кредитни трансфери и трајни налози** | **Интернет банкарство и мобилна апликација** | **Шалтер** |
|---|---|---|---|
| | | **Надоместок** | **Надоместок** |
| 18.1.2 | Кредитни трансфери во земјата во корист на сметка кај друг давател на платежни услуги-Преку платен систем | 80 мкд | 250 мкд |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | за плаќања во реално време-МИПС (кредитен трансфер и кредитен трансфер доставен на медиум/ПП53) | | |

Образложение: Одлука за видот и висината на надоместоците за услугите коишто ги дава Народната банка од 15.07.2025, со која се врши намалување на надоместоците кои НБРСМ ги наплатува од банките за користење на услугите на МИПС.

12. Се менува тарифен број 19.1. став в.) Реализација на траен налог-Кредитен трансфер во земјата во корист на сметка кај друг давател на платежни услуги, преку платен систем за плаќања во реално време- МИПС плаќање, за физички лица корисници на платежна сметка со основни функции. Тарифниот број се менува и гласи:

| **19.1.** | **Реализација на трајниот налог** | **Интернет банкарство и мобилна апликација** | **Шалтер** |
|---|---|---|---|
| | | **Надоместок** | **Надоместок** |
| в) | Кредитен трансфер во земјата во корист на сметка кај друг давател на платежни услуги, преку платен систем за плаќања во реално време-МИПС плаќање | 80 мкд | 80 мкд |

Образложение: Одлука за видот и висината на надоместоците за услугите коишто ги дава Народната банка од 15.07.2025, со која се врши намалување на надоместоците кои НБРСМ ги наплатува од банките за користење на услугите на МИПС.

13. Се менува тарифен број 23.4. Деблокирање на картичка заради терминолошко усогласување и се однесува само на делот меѓународни дебитни картички, за корисници на платежна сметка со основни функции. Тарифниот број се менува и гласи:

| **23.** | **Други операции** | **Опис** |
|---|---|---|
| 23.4. | Деблокирање на картичка** | 200 мкд<br>Без надоместок преку Интернет банкарство само за блокирани картички по барање на клиент |

Образложение: Терминолошко усогласување

14. Се менува тарифен број 23.9. Решавање на рекламација и зборот рекламација се заменува со поплака и описот кој следи после терминот "без надоместок" се брише. Тарифниот број се менува и гласи:

| **23** | **Други операции** | **МЕЃУНАРОДНИ ДЕБИТНИ КАРТИЧКИ (Visa/Mastercard)** | **МЕЃУНАРОДНИ КРЕДИТНИ КАРТИЧКИ (Visa/Mastercard)** |
|---|---|---|---|
| | | **Надоместок** | **Надоместок** |
| 23.9 | Решавање на поплака | Без надоместок | Без надоместок |

Образложение: Терминолошко усогласување согласно предлог одлуката за активностите за воспоставување на систем за прием, евиденција, како и навремено и правично постапување со поплаките на потрошувачите.

15. Се менува тарифен број 24.2.8 Надоместок за одобрување на пласман-Online барање за потрошувачки кредит преку интернет банкарство. Тарифниот број се менува и гласи:

| **24.2.** | **Надоместок за одобрување на пласман** | **Надоместок** |
|---|---|---|
| 24.2.8. | Online барање за потрошувачки кредит преку интернет банкарство | до 1% еднократно од одобрениот износ согласно соодветен продукт |

Образложение: Завршен промотивен период за наведената услуга и продолжување со трендот електронските услуги да бидат поевтини од хартиените.

16. Се менува тарифен број 25.1.11 Други надоместоци поврзани со кредити – Проценка. Тарифниот број се менува и гласи:

| **25.** | **Други надоместоци поврзани со кредити** | **Надоместок** |
|---|---|---|
| 25.1.11 | Проценка на: | |
| а | станови | 4.000 мкд – 5.000 мкд |
| б | индивидуални куќи | 5.000 мкд – 6.000 мкд |
| в | деловен простор (локали, адм.простор) | 6.000 мкд – 7.500 мкд |
| г | земјиште (ниви, градежно земјиште) | 6.000 мкд – 7.500 мкд |
| д | деловни комплекси | 7.000 мкд – 12.000 мкд |
| ѓ | верификација на предмет (пресметка за идни градби) | 7.000 мкд – 12.000 мкд |

Образложение: Усогласување со пазарните услови

17. Се менува тарифен број 29.2. став б.) Месечен надоместок за одржување на сметка за физички лица нерезиденти, за сметка која има реализирано промет во текот на месецот за кој се пресметува надоместокот. Тарифниот број се менува и гласи:

| **29.** | **Месечен надомест за одржување на сметка** | **МКД** |
|---|---|---|
| 29.2. | За физички лица | **Надоместок** |
| б. | - сметка која има реализирано промет во текот на месецот за кој се пресметува надоместокот | 300 мкд |

Образложение: Усогласување со пазарните услови

18. Се менува тарифен број 31.1. став а.) – Меѓубанкарски плаќања на правни лица нерезиденти. Тарифниот број се менува и гласи:

| **31.1.** | **Правни лица** | **Интернет банкарство и мобилна апликација** | **Шалтер** |
|---|---|---|---|
| | | **Надоместок** | **Надоместок** |
| а | - мегубанкарски плаќања | 80 мкд | 250 мкд |

Образложение: Одлука за видот и висината на надоместоците за услугите коишто ги дава Народната банка од 15.07.2025, со која се врши намалување на надоместоците кои НБРСМ ги наплатува од банките за користење на услугите на МИПС.

19. Се менува тарифен број 31.2. став а.) – Меѓубанкарски плаќања на физички лица нерезиденти. Тарифниот број се менува и гласи:

| **31.2.** | **Физички лица** | **Интернет банкарство и мобилна апликација** | **Шалтер** |
|---|---|---|---|
| | | **Надоместок** | **Надоместок** |
| а | - мегубанкарски плаќања | 80 мкд | 250 мкд |

Образложение: Одлука за видот и висината на надоместоците за услугите коишто ги дава Народната банка од 15.07.2025, со која се врши намалување на надоместоците кои НБРСМ ги наплатува од банките за користење на услугите на МИПС.

20. Се воведуваат нови тарифни точки за СЕПА кредитните трансфери и приливи добиени преку СЕПА, со образложение: Вклучување на Република Северна Македонија во СЕПА областа.

    Вооедно се менува и дополнува терминскиот план заради СЕПА кредитните трансфери.

    Предлозите за промена се следниве:

    - Се воведува нов тарифен број 5.1. со опис: СЕПА Кредитни трансфери, во делот на правните лица резиденти. Тарифниот број гласи:

| 5.1. | Опис | **Интернет и мобилна апликација** | **Шалтер** |
|---|---|---|---|
| | СЕПА Кредитни трансфери | 300 мкд | 1.200 мкд |

- Постоечкиот тарифен број 5.1. Кредитни трансфери во евра и валута различна од евро станува тарифен број 5.2. Постоечкиот тарифен број 5.2. Кредитни трансфери во евра и валута различна од евро станува тарифен број 5.3..

- Се воведува нов тарифен број 5.4. Приливи преку СЕПА, во делот на правните лица резиденти. Тарифниот број гласи:

| | | |
|---|---|---|
| 5.4. | Приливи преку СЕПА | **Надоместок** |
| | | 180 мкд |

- Постоечкиот тарифен број 5.3. Приливи од странство станува тарифен број 5.5..

- Се воведува нов тарифен број 14.3.1. со опис: Приливи преку СЕПА, во делот на физички лица резиденти. Тарифниот број гласи:

| | | |
|---|---|---|
| 14.3.1 | Приливи преку СЕПА | **Надоместок** |
| | | Без надоместок |

- Постоечкиот тарифен број 14.3.1. Приливи од странство станува тарифен број 14.3.2..

- Се воведува тарифен број 14.3.3. со опис: СЕПА Кредитни трансфери, во делот на физички лица резиденти. Тарифниот број гласи:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 14.3.3 | СЕПА Кредитни трансфери | **Интернет и мобилна апликација** | **Шалтер** |
| | од 1 еур - 2.500 еур | 60 мкд | 180 мкд |
| | Над 2.501 еур | 180 мкд | 300 мкд |

- Постоечкиот тарифен број 14.3.2. Кредитни трансфери станува тарифен број 14.3.4.. Постоечкиот тарифен број 14.3.3. Следните тарифни броеви последователно се менуваат во растечки редослед.

- Во тарифен број 31.1. Кредитни трансфери за нерезиденти правни лица ставовите а) и б) стануваат, б) и в), а се воведува став а) со опис: СЕПА Кредитни трансфери. Тарифниот број гласи:

| | | | |
|---|---|---|---|
| а.) | Опис | **Интернет и мобилна апликација** | **Шалтер** |
| | СЕПА Кредитни трансфери | 300 мкд | 1.200 мкд |

- Во тарифен број 31.2. Кредитни трансфери за нерезиденти физички лица ставовите а) и б) стануваат, б) и в), а се воведува став а) со опис: СЕПА Кредитни трансфери. Тарифниот број гласи:

| | | | |
|---|---|---|---|
| а.) | СЕПА Кредитни трансфери | **Интернет и мобилна апликација** | **Шалтер** |
| | од 1 еур - 2.500 еур | 60 мкд | 180 мкд |
| | Над 2.501 еур | 180 мкд | 300 мкд |

- Во тарифен број 31.3., ставовите а) Правни лица нерезиденти и б) Физички лица нерезиденти се дополнуваат со опис Приливи преку СЕПА. Тарифниот број гласи:

| а.) | Правни лица | **Надоместок** |
|---|---|---|
| | Приливи преку СЕПА | 180 мкд |
| б.) | Физички лица | **Надоместок** |
| | Приливи преку СЕПА | Без надоместок |

- Во точка 35 во Терминскиот план се воведува точка со време 14:30 и Опис: Банката престанува со прием на СЕПА кредитни трансфери. Тарифниот број се менува и гласи:

| 35. | **Налози доставени преку експозитура** |
|---|---|
| 14:30 | **Банката престанува со прием на кредитни трансфери** |
| | 1. СЕПА Кредитни трансфери |

- Во точка 36 се врши дополнување на описот со мобилна апликација, се менува точка со време 15:45 и во истата времето станува 15:00. Вооедно се врши дополнување на описот со СЕПА кредитните трансфери. Тарифниот број се менува и гласи:

| 36. | **Налози доставени преку интернет банкарство и мобилна апликација** |
|---|---|
| 15:00 | Банката престанува со прием на кредитни трансфери преку СЕПА и кредитни трансфери за реализација преку SWIFT во тековниот ден |

Во Тарифата ќе се направат и исправки на воочени технички грешки и терминолошки усогласувања.

Оваа Одлука стапува на сила на денот на донесувањето.

Промените со оваа Одлука ќе почнат да се применуваат :

- Точките под реден број : 3, 4, 15 и 16 од датум 06.08.2025 година
- Точките под реден број : 1, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 11, 12, 13, 14, 18, 19 и 20 од датум 07.10.2025 година и
- Точките под реден број 10 и 17 од 01.11.2025 година.

Одлуката се доставува до сите дирекции, експозитури и архивата на Банката.
Одлука да се објави на интернет страната на Банката и за истата да се известат клиентите на начинот уреден во актите на Банката.

УО. бр:0202/2-104/2025
31.07.2025 година

УПРАВЕН ОДБОР

УНИВЕРЗАЛНА ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА СКОПЈЕ